Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" 244/19, 82/20, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22, 170/24), член 31 од Законот за буџетите ("Сл.весник на РМ" бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Сл.весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22, 208/24, 210/24), одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби во Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија ("Сл.весник на РСМ" бр.51/20 и 172/21), одредбите од Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на УПОЗ, синдикална организација на синдикат на УПОЗ во општина Делчево и Општина Делчево со бр.08-2666/1 од 21.12.2022 година, Општиот колективен договор ( "Сл.весник на РСМ" бр.154 од 20.07.2023 год.) и член 130 од Статутот на Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и/2021), Советот на Општина Делчево на продолжението на четириесет и втората редовна седница одржана на ден 30.12.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## За извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година

### Член 1

Буџетот на Општина Делчево за 2025 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

### Член 2

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности;
- Буџет на дотации;

- Буџет на донации; и
- Буџет на кредити (заеми).

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основниот буџет се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15-ти ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на заеми, буџетот на дотации, или буџетот на донации планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи.

- коефициент за утврдување на плата на избраните и именуваните лица - Градоначалник се определува според бројот на жителите во

општината и изнесува 2,9, а основицата на која се пресметува е утврдена согласно Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.36/90, 44/90, 11/91, 38/91,23/97, 37/05, 84/05,110/07, 121/07, 161/08, 92/09, 139/09, 153/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18 и "Службен весник на РСМ" бр.65/23).

- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

- на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Законот за исплата на платите во Р.С. Македонија , Општиот колективен договор за јавниот сектор на Р.С. Македонија, и Правилникот за платите, надоместоците на платите и другите примања на вработените во Општина делчево кои немаат статус на административни службеници.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2025 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации се спроведува на следниот начини:

- средствата се планираат на сметка (930), а се извршуваат преку сметката- дотации на локални јавни установи (903),

- локалните јавни установи финансирани со блок дотации се должни до крајот на месецот до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат следните обрасци ( копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот

на вработените по име и презиме, бруто и нето плати) за месецот за кој се однесува платата.

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации, истите се должни да доставaт известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината, одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотација. Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

На членовите на Советот на Општина Делчево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Делчево се утврдува во процентуален износ и изнесува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година. На Претседателот на Советот на Општина Делчево за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Вработените во општинската администрација имаат право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 60% од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатено во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.
Исплатата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма Е0-Општинска администрација, Програма Д0-Градоначалник и Програма Ђ0-Противпожарна заштита, расходно конто 404110- Надомест за годишен одмор врз основа на донесено решение од Градоначалникот.

**Член 14**

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи, на вработениот во Општината, му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата.
Исплатите на погоре наведениот надоместок се врши врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината.

**Член 15**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.
Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а

расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 16**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите. За користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот.

**Член 17**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината ќе се врши од Програма Е0-Општинска администрација , расходно конто 464940- Трансфери при пензионирање во висина од три просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Надоместокот на отпремнина за пензионирање на вработените во локалните јавни установи, ќе се исплатува од соодветната потпрограма и сметка на секој корисник посебно, расходно конто 464940-трансфери при пензионирање. Исплатата на надоместокот за отпремнина за пензионирање ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 18**

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување, и родител на сопружник ако живеат во заедничко домаќинство со вработениот), му припаѓа парична

помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата. Надоместоците од став 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документациј во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.
Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во Програма Е0-Општинска администрација, расходно конто 464990- други трансфери.

Средствата за овие намени за локалните јавни установи се планираат во соодветната програма и сметка на секој корисник посебно.

**Член 19**

Во согласност со Колективен договор на општината, за непрекината работа кај работодавачот, вработениот има право на јубилејна награда за навршени 10, 20, 30 и 40 години кај работодавачот. Висината на јубилејната награда изнесува:

-за 10 години -100%

-за 20 години – 110%

-за 30 години – 120%

-за 40 години – 130%

Од основицата од просечната месечна нето плата во Република северна Македонија исплатена во претходната година. Јубилејната награда се исплаќа во годината кога се остварува правото. Исплатата на име јубилејни награди ќе се врши од програма Е0-Општинска администрација и Ѕ0-Противпожарна заштита, расходно конто 464990- други трансфри, врз основа на донесено решение од Градоначалникот, согласно колективен договор.

**Член 20**

Средствата утврдени во Програмата Д0-Градоначалник, потставки 463110-трансфери до здруженија на граѓани и фондации, и 463120-Трансфери до спортски клубови, ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата на граѓани и фондации и на спортските

клубови, врз основа на распишан Јавен повик за доделување финансиски средства, а врз основа на поднесени барања и проекти кои овозможуваат развој на локалната заедница.

За средства потребни за одредени проектни активности на здруженијата на граѓани и фондации до износ од 10.000 денари, одлучува Градоначалникот.

**Член 21**

За првото дете кое ќе се роди на територијата на Општина Делчево ќе се врши исплата на 10.000 денари, од потставка 471230- Помош за новороденчиња, Програма В3-Социјална заштита. Истотака, за секое новородено дете, чии родители се со место на живеење во општина Делчево, ќе се врши исплата по 3.000 денари од потставка 471230-помош за новороденчиња, Програма В3-Социјална заштита.

За учениците од прво одделение од основните училишта, ќе се врши исплата на 3.000 денари еднократна парична помош од потставка 471250-плаќање за образование, згрижување, одмор и рекреација, програма В3-социјална заштита.

За најдобрите 10 матуранти од средното училиште СОУ Методи Митевски-Брицо Делчево е предвидено наградно патување со Одлука на Совет, предвидено во програма А0-Совет, расходно конто 420220-патување во странство-патни расходи.

За ученички и студентски стипендии за учебната 2024/25, за првенциите на генерацијата 2024/25 (од основните и средното училиште) се предвидени средства во програма Д0-Градоначалник, расходни конта 464110-стипендии за студенти и 464120-стипендии за поддршка на млади таленти.

Парични награди за најдобрите ромски ученици (основно и средно училиште); парични награди за најдобар пожарникар; Парична награда за празникот Водици; Награди за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари; Новогодишен подарок на дежурните служби кои работат за време на новогодишната ноќ; Награда по повод манифестацијата "Пијанечки денови на сливата" и Свадбен подарок

на Пијанечко-Малешевската свадба се предвидени во Програма Д0-Градоначалник, расходно конто 464990-други трансфери.

**Член 22**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 23**

Вработувањата во општинската администрација се врши согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности, согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

-вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање градоначалникот на Општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и

- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3)и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да доставаат позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 24**

Се овластуваат одделенијата за правни и општи работи и јавни дејности и за финансиски прашања да ги применат одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 25**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 26**

Буџетот на Општината Делчево се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Член 27**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година со бр.09-2563/1 од 31.12.2023 година.

**Член 28**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево", а ќе се применува од 01 Јануари 2025 година.

Бр. 09-2065/1
30.12.2024 г.

Совет на Општина Делчево

Претседател

Гоце Попов